**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод одбележување на 15-ти Април – Ден на Командата за обука и доктрини“**
15.04.2022 – Касарна „Алексо Демниевски – Бауман“ - Велес

**Почитуван Началник на Генералштабот на Армијата на РСМ,**
**Почитуван Градоначалник,**
**Почитувани старешини и војници,**
**Дами и Господа,**

Дозволете ми на почетокот во свое лично име и во име на Министерството за одбрана да Ви го честитам денешниот ден, Денот на Командата за обука и доктрини на Армијата на Република Северна Македонија.

Сите вие, старешини, питомци и војници, кои сте дел од оваа единица, претставувате значајна алка во синџирот за одржување на борбата готовност на македонската Армија и развој на вештините и можностите на секој припадник.

Заеднички со Генералштабот и Командата за обука и докторини го развиваме најважното – тоа се човечките капацитети. Тоа сте вие.

Нашата цел е да овозможиме стабилна и развојна кариера, постојана едукација и доусовршување, обуки и вежби за секој припадник бидејќи за нас човечкиот потенцијал е најголемото богатство!

**Почитувани Дами и Господа,**

Еден од високите приоритети во работата на Министерството за одбрана во претстојниот период ќе биде донесувањето на нови стратегиски документи и концепти за обраната и безбедноста. Со Началникот на Генералштабот си поставивме цел меѓу документите кои треба да ги усвоиме да бидат и Концептот и Докторината на Армијата на Република Северна Македонија по нејзиното зачленување во НАТО за кој сметаме дека е еден од најважните документи за одбрана по Долгорочниот план за развој на одбраната- стратегиски документ кој во наредниот период, согласно променетите услови и потреби, ќе биде ажуриран и донесен како нов документ.

***Почитувани припадници на Армијата,***

Мотивацијата и посветеноста на секој војник се клучни за успешна одбрана.

Вратите се отворени, намерата е јасна - создавање на вистински НАТО-офицери, подофицери и професионални војници.

Сите НАТО обуки се обуки достапни за припадниците на нашата Армија. Ги интензивираме и заедничките вежбовни активности, дома и кај сојузниците. Ја зајакнуваме интероперабилноста, за која цениме дека е основа за заедничкото работење и функционирање на системот на колективната одбрана која е наш, заеднички заштитен чадор.

За нас најважен е припадникот на Армијата, службеникот во Министерството. Нивната мотивираност, посветеност, но и нивната позиција во општеството. Мотивираноста и посветеноста на вработените значат и силна институција, која е подготвена да се справи со сите предизвици.
Со членството во НАТО, целосно ги отворивме вратите на можностите за доедукација и усовршување. Обуките за земјите на НАТО се обуки достапни за нас. Вежбите на Алијансата се отворени и за нашата, НАТО – Армија.

Со сево ова го зајакнуваме достоинството на „луѓето во униформа“, ја оправдуваме нивната позиција во општеството и највисокиот углед и довербата кој го уживаат кај граѓаните.

Во оваа прилика и јас ќе се осврнам на Полигонот „Криволак“. Капацитет на Северна Македонија, но и капацитет на НАТО. Затоа на овој полигон континуирано развиваме инфраструктура и воспоставуваме нови содржини. Вие најдобро знаете што значи кога велиме дека интензивно работиме на инфраструктурното поврзување на полигонот и развојот на нови содржини. Го развиваме Криволак, но истовремено внимаваме и на зачувувањето на животната средина со мерните станици кои ги поставуваме во соработка со Универзитетот од Штип.

Развојот на полигонот Криволак вклучува модернизација, обнова и изградба на полигони, опремување и значајно подобрување на постојната инфраструктура со што посебно ќе се дадат можности за обука и спроведување на вежби.

**Почитувани,**

Огромно е значењето на обуката која учесниците во мировните мисии, на кои сите ние се гордееме, ја добиваат тука.

Од нивното ниво на обученост зависат нивното однесување на терен, снаодливоста во вонредни ситуации, брзината на томот и реакцијата.

Во сите овие сегменти нашите мировници предничат во НАТО и другите меѓународни мисии токму благодарение на високите стандарди и способности на обучувачите од Командата за обука и доктрини.

***Почитувани офицери, подофицери, питомци и војници,***

Постојат повеќе практични и теоретски перспективи на лидерството.

Во услови на криза, сите до една ни се потребни за да ја пребродиме и да излеземе посилни.

Денес потребна ни е иновативност за наоѓање нови начини на функционирање – тоа е лидерство!

Потребна ни е стабилност и брзо решавање на проблемите – тоа е лидерство!

Потребно ни е покажување силна поврзаност со тимот и влевање доверба – зашто тоа е лидерство!
Потребна ни е упорност, победнички mindset и решителност – тоа е лидерство!

Вие припадниците на Армијата, сегашни, но и идни офицери сте лидери на новото време!

Уште еднаш Ви го честитам денешниот Ден на единицата и Ви посакувам успех во кариерата и вашиот живот.

**Да живее Армијата!**
**Да живее Република Северна Македонија!**